СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ
РАБОТИ

# Извештај за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Ново Село

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 19-323/1 од 14.01.2020 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 19-323/2 од 14.01.2020 година, изврши надзор на спроведувањето на законите од областа на животната средина на општина Ново Село.

Согласно постоечката состојба со вирусот КОВИД 19 и неможноста да се изврши надзор во општините на лице место, надзорот е извршен врз основа на пополнување на Прашалник подготвен од МЖСПП односно врз основа на добиен пополнет прашалник од страна на општина Ново Село.

Прашалникот е пополнет од страна на дипл. Агр. Инж. Мери Аврамова, помлад соработник за заштита на животната средина во Одделение за урбанизам и одобрен од градоначалникот на општината Никола Андонов

Во однос на обврските околу подготовка и спроведување на ЛЕАП-от, општината има донесено ЛЕАП кој е веќе со истечен рок. Нов ЛЕАП не е подготвен и нема формирано тело за следење на имплементацијата на ЛЕАП-от.

Во врска со издавање на Б интегрирани еколошки дозволи, наведено е дека општината нема издадено Б-инегрирана еколошка дозвола, издадена е само една дозвола за усогласување со оперативен план.

Во врска со постапката за одобрување на елаборати за животната средина утврдено е дека до општина Ново село во 2019 година нема одобрено елаборат, додека во 2020 година има одобрено 7 елаборати.

Административниот капацитетот на општината со кој располага во делот на животната средина е само 1 (еден) помлад соработник и истиот е вклучен и во постапките за Б-ИЕД и во постапките за одобрување на елаборати.

Во општината не се водат соодветните катастри согласно член 42 (5) од ЗЖС и не се доставуваат потребните податоци за одржување на катастрите до МЖСПП.

Општината нема склучено меѓуопштинска соработка со некои од општините од областа на заштитата на животната средина и природата.

Општината Ново Село има донесено план за управување со отпад, додека програма за управување со отпад нема донесено. Општината има предвидено локации каде би се изградиле претоварни станици. На територијата на општината функционира ЈП "Комуна" Ново Село, исто така функционира и одредено место за третман и отстранување на инертен отпад тоа е депонија "Солена Река Ново Село"

Организиран е информативен систем на локално ниво со кој се обезбедува собирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со отпадот.

Во однос на бучавата Општината Ново Село нема преземено соодветни активности.

Административни службеници кои се вклучени во делот на животната средина се:
Мери Аврамова- помлад соработник за заштита на животната средина, одд за урбанизам и Сашо Андонов- соработник за чување и одржување на споменицитe на природата и овластен комунален инспектор кој е вклучен во подготовката на план за управување со отпадот.
Согласно Законот за води општината има превземено делумно активности кои се поврзани со прибавена дозвола за испуштање на отпадни води за с. Ново Коњарево, има укажано за потребата од определување на заштитна зона и превзема мерки за заштита од поплави како и основано ЈП за вршење на дејноста одржување на системите за водоснабдување со вода за пиење тоа е ЈП Комуна од Ново Село. Сепак нема одредено одговорно лице за оваа надлежност.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги дава следните препораки:**

-Комисијата констатира дека надлежностите од областа на животната средина минимално се спроведуваат односно многу малку од она што е предвидено со законите од областа на животната средина.

-Комисијата дава препорака во општината итно да изврши измена на систематизацијата на работни места на општината. Да се оформи посебно


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ
РАБОТИ

одделение за животна средина и да опфаќа работни места чиј опис и попис на работни места би ги опфаќале сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина.

- Да се обезбедат повеќе вработени кои ќе работат во областа заштита на животната средина најмалку уште еден советник и раководител на одделение за животна средина кои би работеле на одобрување на елаборати за заштита на животната средина и издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи, при што постапките да се спроведуваат целосно и правилно а најитно е да се предвиди работно место кое би ги опфаќало надлежностите од областа на управување со отпадот.

- Општината веднаш да започне со спроведување на надлежностите од областа на управување со отпадот, законот за заштита од бучава во животната средина и Законот за водите.

-Комисијата дава препорака во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина особено во делот на управување со отпадот, со цел зајакнување на капацитетите во оваа општина.

-Потребно е општината да ги превземе предходно наведените укажувања и во рок од 6 месеци да го извести МЖСПП во однос на истото. Во спротивно министерството ќе биде принудено да постапи согласно член 212 од Законот за животна средина односно да ја одземе надлежноста на општината за сметка на општината.

Скопје, 16.10.2020 година

Претседател на Комисија
за вршење надзор на законитоста на работата
на органите на општината, на градот Скопје и
на општините во градот Скопје
Тања Пауновска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ
РАБОТИ



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk